Fact sheet 1 - MACEDONIAN

# Cbus го зборува вашиот јазик.




# Еден поглед на пензиските влогови (Superannuation)

Cbus го зборува вашиот јазик.

## Што се пензиски влогови?

Пензиски влогови се парите кои ги заштедувате додека се уште работите и од кои ќе живеете кога ќе се пензионирате. За пензиските влогови постојат даночни бенефиции наменети да ви помогнат да штедите за вашето пензионирање.

## Колку треба да придонесува мојот работодавец?

Австралиските работодавци мора да плаќаат придонеси за пензионирање во износ од најмалку 9% од заработувачката на работниците, или било кој повисок износ кој е утврден со било кој работен договор или работна спогодба за стопанската гранка или како што ќе се договорат работодавецот и вработените. Овој 'придонес од работодавецот' не се одзема од вашата плата. Тоа е дополнителна исплата која се плаќа во дополнение на вашата вообичаена заработувачка.

## Дали можам да додавам повеќе пари во моите пензиски влогови?

Можете да внесувате редовни дополнителни исплати или еднократни парични износи. Исто така можете да ги префрлете пензиските влогови кои ги имате во други фондови на вашата Cbus-сметка. Со внесувањето на овие дополнителни исплати можете да имате некои даночни предности или да добиете дополнителна исплата на придонеси од владата.

**За да дознаете повеќе, телефонирајте на 1300 361 784 или посетете ги Интернет страните www.cbussuper.com.au**

## Кога можам да ги добијам моите пензиски влогови?

Вашата пензиска бенефиција можете да ја користите кога ќе ја достигнете минималната возраст на која се добива право на пристап до сочуваните бенефиции (Preservation Age) (и кога ќе се пензионирате од работа) како што е прикажано подолу:

| Датум на раѓање | Минимална возраст на која може да се користат сочуваните бенефиции |
|---|---|
| Пред 1ви јули 1960 | 55 |
| 1ви јули 1960 – 30ти јуни 1961 | 56 |
| 1ви јули 1961 – 30ти јуни 1962 | 57 |
| 1ви јули 1962 – 30ти јуни 1963 | 58 |
| 1ви јули 1963 – 30ти јуни 1964 | 59 |
| После 30ти јуни 1964 | 60 |

Овој информативен лист е наменет да ви даде информации само од општа природа. Cbus го подготви без да ги земе предвид вашите лични цели, финансиска ситуација или потреби. За понатамошни информации и примерок од нашиот Документ за поединости во врска со нашиот продукт (Product Disclosure Document - PDS), посетете ги Интернет страните www.cbussuper.com.au или телефонирајте на 1300 361 784. Полномошник на Cbus: United Super Pty Ltd ABN 46 006 261 623, AFS-дозвола бр. 233792. Австралиски деловен број на Cbus: 75 493 363 262.

ЈУНИ 2009